До Државната комисија за спречување на корупцијата, преку web формата на ДКСК доставено е Барање за писмено мислење.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година, бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година и 02-2451/1 од 20.07.2026 година, го даде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

Согласно член 44 став (1) од истиот Закон е предвидена следната забрана за вршење на други дејности кај избраните и именуваните лица:
„(1) Избрано или именувано лице за време на траењето на неговиот мандат е должно да ги почитува правилата за неспоивост на функција која ја врши со други функции или дејности утврдени во **Уставот** и законите.“

Член 89 став 4 од Уставот на РСМ предвидува: „Функцијата претседател на Владата и министер е неспојлива со вршење на други јавни функции или професии.“
Еден од условите за да настане престанок на мандатот и да се разреши член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители е ако му престане функцијата или работниот однос во органот каде што ја извршувал функцијата или работи согласно член 23 став 1 алинеја 4 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители.

Согласно цитираните одредби, Државната комисија е на став дека со именувањето за вршење на функцијата министер, работното место како универзитетски професор е ставено во мирување, што подразбира промена на статусот, односно

веќе е исполнет условот за престанок на вршење на функцијата член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители.

Исто така, согласно член 44 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 89 став 4 од Уставот на РСМ, како министер има забрана да се вршат други јавни функции или професии.

Државната комисија укажува и на почитување на Начелото на интегритет согласно член 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**